**From:** Emilija Janevska <e.janevska@avmu.mk>
**Sent:** Thursday, April 16, 2020 3:38 PM
**To:**
**Cc:**
**Subject:** [Fwd: Odgovor na baranje za prezemanje dejstva]

Република С... АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО ... МЕДИУМСКИ УСЛ... СКОПЈЕ
Republika E Maqe... AGJENCIA PËR SHËRBI... MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE ... SHKUP

| Примено / Pranuar: 16.04.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 7 | | |

---

**Subject:** Odgovor na baranje za prezemanje dejstva
**From:**
**Date**
**To**

Почитуван

Во врска со Вашиот допис од 14 април (наш арх.бр. 03-7 од 15.04.2020 година), Ве известуваме дека постапката што Агенцијата ја започна со објавувањето на Извештајот за извршен програмски надзор врз ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-1924/1 од 13.04.2020 година, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) се одвива во неколку фази, кои му овозможуваат на радиодифузерот поголем период за усогласување со Законот и Правилникот.

Имено,

- Пред изрекување на јавната опомена предложена во Извештајот од надзорот, Советот на Агенцијата е должен да побара пи изјаснување од медиумот за стореното прекршување (член 23 став 3 од ЗААВМУ). Ова барање за ТВ Сител е со сле архивски број – 03-153 од 15.04.2020 година.
- За да го подготви изјаснувањето во кое ќе ги објасни своите аргументи зошто постапил на одреден начин, медиумот има рс работни дена кој почнува да тече од денот кога ќе го прими барањето од Советот на Агенцијата што се доставува по г Доказ за приемот на барањето е потписот на одговорното лице во медиумот на доставницата од пошта.
- По истекот на овој рок, Советот на Агенцијата составен од 7 членови, на седница одлучува по предлогот на директор изрекување мерка јавна опомена, при што ги зема предвид и аргументите на радиодифузерот од писменото изјаснување.
- За изречената мерка јавна опомена, Советот донесува соодветно решение што му се доставува на радиодифузер решението за изрекување мерка се утврдува рок за усогласување, кој тече од денот на неговиот прием. За конкре прекршување на ТВ Сител, според Упатството за изрекување мерки, рокот за усогласување изнесува 30 дена.
- По истекот на овој рок, Стручната служба на Агенцијата во согласност со член 27 став 5 од ЗААВМУ врши контролен надзор утврди дали радиодифузерот постапил по решението за изрекување мерка.
- Доколку постапил, постапката завршува тука, доколку не, Стручната служба во извештајот од контролен надзор предлага Сс да поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Преку веб сајтот на Агенцијата www.avmu.mk, ќе можете да го следите текот на постапката за ТВ Сител започната врз с на Вашата претставка. На сајтот се објавуваат и извештаите од надзор и решенијата за изрекување мерки донесени од Сс на Агенцијата, како и сите записници од седниците на Советот.

Ви благодариме за соработката.

Срдечен поздрав,

Сектор за програмски работи